02.12.2011, 18:16

# ИНТЕРВЈУ: ВИДОВ КАКО НА МАСАТА НА ДОСТОЕВСКИ ИСПАРУВА ЧАЈ



**Сликарот Владимир Георгиевски со дела од изложбата во Санкт Петербург се презентира во Скопје**

**Катерина Богоева**

**Вашата камерна изложба „Тоа е човекот“, отворена синоќа во „Галерија 8“ во Старата скопска чаршија во октомври беше презентирана во Санкт Петербург во Литературно-меморијалниот музеј „Ф. М. Достоевски“, но на тамошната публика и понудивте 68 дела. Претпоставувам, не бевте тогаш прв пат во убавиот град.**

Санкт Петербург го посетив како студент на Белградската академја каде што завршив ликовна уметност во 70-тите години на минатиот век. Со колегите тогаш не излеговме од „Ермитаж“, кој е вистинска мека за сликарите. Сега кога се шетав низ градот, бев фасциниран од неверојатната геометрија со која тој е изграден и која им дозволува само на црквените куполи да одат кон небото. Тоа е комуникација со духот каква што немам ниту доживеано во друг град. Сега во градот влегува западниот начин на живеење, а со него веројатно и чувството на некаква слобода на живење. Видов млади луѓе како стојат во ќошиња и консумираат алхохол, а таквите слики малку ме загрижија. Но, од друга страна, кога седев во кабинетот на Фјодор Михајлович Достоевски и кога ги премотував таквите слики во себе, сфатив дека тоа можеби е дел и од филозофијата на еден Раскољников. Тој чекори и по нашите улици, и овде.

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ЧЕЛИЧНИ ОДБОЈНИ ОГРАДИ НА ПАТОТ ОХРИД- СВ. НАУМ
- БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА СО ПРЕДЛОГ ЗА ВИЦЕПРЕМИЕР ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА
- СДСМ ГИ ПОДГОТВИ ИЗМЕНИТЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА БОЛНИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА
- ИВАНОВ: СО ЈОРДАН ПОСТИГНАВМЕ НАПРЕДОК ВО СФЕРАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
- ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПАК К

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

12° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Ведро

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ

**Имавте ли чувство дека неслучајно оваа изложба која асоцира на длабочината на човековото трагање по себеси, ја презентиравте во простор каде што живееше големиот писател?**

Секако, не знам. Некаде беше запишано дека изложбата треба таму да оди таму. Имав чувство дека сите мои експонати што ги поставив во двата излагачки простора на Литературно-меморијалниот музеј каде што постојано има изложби стојат во некакво светилиште. Дека од некој ходник ќе влезе писателот, ќе почне да ги разгледува моите дела, ќе запише или ќе ми соопшти свои мислења. Како оние прекрасни негови зимски белешки од летните денови кога престојувал во Париз. Чувството да се биде во домот на Достоевски, да се влезе во просторот каде што како литература се родиле браќата Карамазови е чувство како да се стои пред некаква одгатната тајна која и ден-денеска фасцинира со својата слоевитост, со внатрешната енергија. Интересно е кога сликарот ќе седне во некое ќоше и ќе гледа како луѓето реагираат на неговите дела во простор каде што не го познаваат. Тогаш доаѓа до фасцинантен дијалог помеѓу него и движењата, покажувањата со рака на посетителите. Имав впечаток дека Фјодор Михајлович постојано ги следеше посетителите и на моите дела. На неговата работна маса постојано има шолја чај што испарува, кој секојдневно се менува, бидејќи Достоевски пиел многу чај додека го пишувал „Браќа Карамазови". „Тој е тука, ќе наврати, го заврши романот, но заради чајот ќе дојде", ми рече една девојка, кустос. Таму владее уверување дека неговиот дух е жив и е предмет на силен интерес.

**Како на споменувањето на Достоевски сега реагираат младите?**

Имав прилика да видам кога ќе се отвореа вратите како доаѓаше река од млади луѓе во музејот и салоните каде што беше изложбата. Доаѓаа поради постојаните изложби, но и поради домот на Достоевски и покажува голем пиетет. Млади луѓе и студенти со голем интерес ја проследија и мојата изложба, а некои дури и ми приоѓаа и ми кажуваа впечатоци, ми поставуваа прашања. Публиката покажа особено внимание за изложениот триптих, за страдањето на Исус и, се разбира, за портретот на Достоевски. Се изненадија како еден човек од Македонија доаѓа во куќата на писателот и носи негов портрет, што самиот го направил. Мене, пак, ме фасцинираше и фактот дека на работната маса во неговиот кабинет една врз друга стојат двете книги „Дон Кихот". Достоевски го сметал тој роман за најсовршен што бил напишан дотогаш и не дозволувал никој, освен него да го помрдне. Но, се разбира, сега книгите се заменети со понови изданија. Таму ме фасцинираа моите двајца учители, Достоевски и Сервантес.

**Задоволен ли сте што премиерно пред домашната јавност ја претставувате изложбата „Тоа е човекот" во галеријата на ДЛУМ во Безистен?**

Мислам дека камерниот начин на изложување, она што ДЛУМ го промовира низ оваа галерија е форма која од авторот бара мошне сериозен пристап. Многу редуцирано треба да се соопшти внатрешното, карактеристично богатство на авторот што изложува. Среќен сум зашто Друштвото го доби овој простор, бидејќи во вакви простори се случувале многу значајни настани од историјата на ликовната уметност. Ако се сетам на Париз во почетокот на 20 век, низа значајни сликари, вајари, па и поети и композитори се собирале на изложби што се случувале по некакви бистроа, фотографски ателјеа. За разлика од официјалните галерии и музеи овие простори ја нудат својата интима, а кога ќе влезе и изложба во нив, тогаш за мене тие стануваат свето место. Да се закачи само една слика внатре, а камоли како што јас закачив девет, мислам дека е настан сам по себе.

**Како ја видовте Македонија во изминатите 20 години самостојност на полето на ликовната уметност, вклучувајќи го начинот и на нашето меѓународно претставување? Весниците пренесоа дека на отворањето на Вашата изложба во Санкт Петербург не дошле многу луѓе.**

Deutsche Welle

- Пипа кажа „Да"
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

Мислам дека македонската ликовна уметност излезе од своите простори. Беше претставувана надвор, но ние како организатори на тие претставувања најчесто бевме во состојба особено површно да ги сфатиме тие презентации. Затоа што едно презентирање надвор на еден наш автор подразбира солидна подготовка однатре, од местото каде што тој излегува, во соработка со оние што го прифаќаат неговото претставување. На тој план треба да научиме како го прават тоа одредени земји со поголема традиција и како се одбележува тоа во просториите каде што се поставува изложбата. Ни преостанува да учиме и да научиме дека добро изоорганизирано претставување во странство, значи половина, ако не и повеќе успех на изложбата.

Во однос на настаните во земјава, мислам дека ликовната уметност најде свои простори, свои одгласи, но слушам дека се намалуваат часовите по ликовна уметност во основното образование, што мислам дека, најблаго речено, е промашено размислување. Ликовната уметност или ликовната едукација, визуелната култура почнувајќи од најмладите години, па низ живеењето го развива чувството на слободата на личноста.

Статијата е прочитана 2252 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

Никако назад

Денови на романски филм во Кинотека

период од-до 2006 - 2014

Утрински весник

РЕДАКЦИЈА

ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

ONLINE ИЗДАНИЕ
- Вести
- Магазин
- Спорт
- Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
- Политика
- Македонија
- Економија
- Хроника
- Коментари
- Свет
- Култура
- Спорт
- Скопје
- Забава
- Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
- Дневник
- Вест
- Теа Модерна
- Огласник 24

МАРКЕТИНГ

POWERED BY nextsense

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани